**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четириесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 мај 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,40 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Бесим Догани, потпретседател на Собранието.

**Бесим Догани:** Дами и господа пратеници, ја отворам Четириесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураку, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвие Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Фадил Сулејмани, Илинка Митрева, Лазар Китановски, Цветанка Иванова, Никола Поповски, Тале Герамитчиоски, Весна Бендевска, Никола Рилковски, Ацо Киров, Радмила Шеќеринска, Миле Пачемски, Владимир Ѓорчев, Елмазе Селмани, Весна Јаневска и Иван Стоиљковиќ, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите да ми достават точен број на присутни пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 68 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Записникот од 40-тата седница на Собранието ви е доставен.

Дали има некои забелешки на записникот? (Нема).

Констатирам дека записникот од 40-тата седница на Собранието е усвоен без забелешки.

Владата на Република Македонија, согласно член 172 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита, со Предлог на закон; Предлог за донесување на закон за прекршоците против јавниот ред и мир, со Предлог на закон; Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за надзор над државната граница, со Предлог на закон; Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили и членовите на нивните семејства, со Предлог на закон; Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита д експлозивни материи, со Предлог на закон; Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за промет на експлозивни материи, со Предлог на закон; Предлог за донесување на закн за изменување и дополнување на Законто за личното име, со Предлог на закон; Предлог за донесување на закно за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, со Предлог на закон; Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за движење и престој на странците, со Предлог на закон; Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за детективска дејност, со Предлог на закон; Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција, со Предлог на закон; Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за странците, со Предлог на закон; Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните собири, со Предлог на закон; Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови, со Предлог на закон и Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за обезбедување на лица и имот, со Предлог на закон, Собранието да ги разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлозите ви се доставени.

Заради рационалност, претставникот на Владата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата овие предлози да се разгледаат во скратени рокови на оваа седница.

Има збор заменик министерот Рефет Елмази, повелете.

**Рефет Елмази:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, јас ќе ги обрзложам на почетокот општо сите овие Предлог-закони, а потоа кога ќе дојдат на дневен ред ќе образложам за сите накратко кои се причините и зошто овие закони се по итна постапка.

Определбата за постигнување на полноправно членство во Европската унија, како базична премиса на демократскиот развој на Република Македонија и стратешка определба, имплицира потреба од усогласување на националното законодавство, со законодавството на Европската унија. Во таа насока е и предлогот за изменување и дополнување на овие закони, посебно за предлогот на законот се врши усогласување со директивата на Советот од 29.04.2004 година, за минималните стандарди за квалифицирање и статусот на државјани на трети земји, односно ова што се однесува за Предлог-законот за азил.

Потоа ќе образложам за сите. Посебно за овие закони кога Ќе дојдат на дневен ред ќе образложам повеќе. Еден од сегментите за воспоставување на правна рамка е неопходно за реализирање на реформите, посебно во судскиот систем, беше и донесувањето на Законот за прекршоци. Тука прекршоците се заменуваат со глоба.

Јас не сакам повеќе да образложувам, кога ќе дојдат сите Предлог-закони на дневен ред, ќе образложам повеќе за сите овие закони. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Елмази.

Предлогот на Владата, Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита, со Предлог на закон, да се разгледа во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот гласаа 55 пратеници, сите 55 гласаа за.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата, Предлог за донесување на закон за прекршоците против јавниот ред и мир, со Предлог на закон, да се разгледа во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот гласаа 54 пратеници, сите 54 гласаа за.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата, Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за надзор на државната граница, со Предлог на закон, да се разгледа во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот гласаа 54 пратеници, сите 54 гласаа за.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Прдлогот на Владата, Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили и членовите на нивните семејства, со Предлог на закон, да се разгледа во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот гласаа 53 пратеници, сите 53 гласаа за.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата, Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од експлозивни материи, со Предлог на закон, да се разгледа во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот гласаа 59 пратеници, сите 59 гласаа за.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата, Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за промет на експлозивни материи, со Предлог на закон, да се разгледа во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот гласаа 58 пратеници, сите 58 гласаа за.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на владата, Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за личното име, со Предлог на закон, да се разгледа во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот гласаа 53 пратеници, сите 53 гласаа за.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата, Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, со Предлог на закон, да се разгледа во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот гласаа 57 пратеници, сите 57 гласаа за.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата, Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за движење и престој на странците, со Предлог на закон да се разгледа во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот гласаа 59 пратеници, сите 59 гласаа за.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата, Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за детективска дејност, со Предлог на закон, да се разгледа во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот гласаа 57 пратеници, сите 57 гласаа за.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата, Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција, со Предлог на закон, да се разгледа во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот гласаа 54 пратеници, сите 54 гласа за.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата, Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за странците, со Предлог на закон, да се разгледа во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот гласаа 53 пратеници, сите 53 гласаа за.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата, Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните собири, со Предлог на закон, да се разгледа во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот гласаа 54 пратеници, сите 54 гласаа за.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата, Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови, со Предлог на закон, да се разгледа во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот гласаа 53 пратеници, сите 53 гласаа за.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата, Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за обезбедување на лица и имот, со Предлог на закон, да се разгледа во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот гласаа 55 пратеници, сите 55 гласаа за.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Морам да ве информирам дека според договорот што го направивме во координација, се договоривме дека Владата ќе ја повлече итноста на точката за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки. Исто така и предлагачите Весна Бендевска, Јани Макрадули и Тале Герамитчиоски ќе ја повлечат итноста по Информацијата за случување на Универзитетот “Св.Климент Охридски” - Битола.

Значи Владата на Република Македонија предлага по итна постапка на оваа седница да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки.

Предлогот на Владата ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка, односно дека се повлекува.

Има збор заменик министерот, Предраг Трпески, повелете.

**Предраг Трпески:** Ја повлекуваме итноста овој закон да се разгледува на оваа седница и да го оптоварува дневниот ред. Затоа, да оди во редовна процедура на некоја од наредните редовни седници.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки ќе оди во нормална процедура.

Исто така, итноста на информацијата е повлечена и ќе се расправа во нормална процедура.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за личното име, со Предлог на закон;

2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за прекршоците против јавниот ред и мир, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за надзор на државната граница, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили и членовите на нивните семејства, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од експлозивни материи, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за промет на експлозивни матери, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за движење и престој на странците, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за детективската дејност, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за странците, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните собири, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за

складирање и заштита од запални течности и гасови, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за обезбедување на лица и имот, со Предлог на закон.

Дали има предлог за изменување на предложениот дневен ред? (Нема)

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предложениот дневен ред гласале 63 пратеници, сите 63 гласаа за.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за личното име, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени однсоно поделени.

Согласно точка 2 од амандманот 10 од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за личното име.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, сите 63 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, сите 56 гласаа за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Весна Јаневска, Валентина Божиновска и Есад Рахиќ поднесоа амандман на член 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесенод пратениците Весна Јаневска, Валентина Божиновска и Есад Рахиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи господинот Рефет Елмази, повелете.

**Рефет Елмази:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи никој не се јавува за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 61 пратеник, за гласаа 19, воздржани немаше, против 42.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека Согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот на Законот гласале 57 пратеници, 56 пратеници гласаа за, воздржани немаше, против 1.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот на законот, молам да крене рака?

Кој е против, молам да крене рака?

Дали има некој воздржан?

На седницата присуствуваат 12 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Од нив за предлогот на законот гласаа 12 пратеници, 9 гласаа за, тројца беа воздржани, против немаше.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за лично име.

**Минуваме на точката 2. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденнција, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени однсоно поделени.

Согласно точка 2 од амандманот 10 од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со

мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција.

Ве повикувам да гласаме.

За заклучокот гласале 64 пратеници, 63 пратеници гласале за, 1 против, воздржани немаше.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, сите 62 гласаа за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека Согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот на Законот гласале 63 пратеници,сите 63 гласаа за.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот на законот, молам да крене рака?

Кој е против, молам да крене рака?

Дали има некој воздржан?

На седницата присуствуваат 12 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Од нив за Предлогот на законот гласаа сите 12 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција.

**Минуваме на точката 3. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, сите 65 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, сите 65 гласаа за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот на Законот гласале 62 пратеника, 61 пратеник гласаше за, воздржани немаше, против 1.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита.

**Минуваме на точката 4. - Предлог за донесување на закон за прекршоците против јавниот ред и мир, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министре, би сакал само да дадам една напомена што ја имаше и на Комисијата за одбрана и безбедност, а тоа е дека сепак овој закон и Законот за детективна дејност, одскокнуваат од едноставното пресликување на новите одредби во казнениот законик поврзани со

прекршоците, односно усогласувањето со легислативата која што се однесува на Законот за прекршоци и сметам дека она што беше на Комисија истакнато, тоа е дека овие одредби во поголема мера навистина ги третираат сите граѓани во Република Македонија и мислам дека Владата требаше да собере сила и во духот на транспарентноста практично овој закон и да го понуди во јавна расправа.

Имено, брзањето на министрите по некоја интерна форма да предложат што повеќе закони кои ќе бидат усогласувања со националното законодавство доведува до некои нелогичности во однос на висината на глобата или казната. Имено, во еден таков дух во брзање ги донесовме измените во Законот за безбедност во сообраќајот, каде и јавно Министерството троши секој ден по две-три илјади евра да го изрекламира законот, каде што се гледа и не прописно да се паркирате казната е иста и ако возите во пијана состојба или во состојба кога сте под влијание на дрога и наркотични средства.

Мислам дека и овој закон има и такви нелогичности, или споредени со други закони каде нелогичноста на висината на казните е видлива на прв чекор. Не знам расправата како тече, затоа на овој закон има и амандмани како и на Законот за детективска дејност кои се многу повеќе од вообичаеното применување само на прекршоците. Ако ги погледнете членовите, сите граѓани ќе бидат под еден третман на казни заради најразлични работим, од тоа дали ќе викаат или ќе се караат со комшијата на балкон, или пак некое детенце ќе довикува топката да му ја фрлат одозгора може 100 евра да биде казнет. Мислам дека Владата може да собере сила овој закон да го понуди можеби на една расправа каде ќе учествуваат и граѓаните, каде ќе бидат запознати со она што го чека. Не мислам дека е наивно ова да го направиме, не мислам дека ќе ги спречиме ни пристојното ни дрско однесување, туку напротив, ќе влеземе во еден режим во кој само ќе се врши притисок кон граѓаните во зависност од политичката или партиската припадност. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Има збор господинот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Ви благодарам потпретседателе,

Дел од овие забелешки за кои говореше и Макрадули, за овој сет закони, конкретно за овој закон било расправано на Комисијата за одбрана и безбедност. Истата расправа беше и на Законодавно-правната комисија. Таму претставник на Владата односно Министерство за внатрешни работи кое е предлагач на законот беше државниот секретар, ние од опозицијата реагиравме и на Законодавно-правната комисија, посебно за овој закон за прекршоците против јавниот ред и мир и оној што беше споменат и претходно за детективна дејност. Имено, образложението на Владата, ако внимателно се прочита, преку донесувањето на овие закони, основното е дека тие треба да се усогласат со новиот закон за прекршоци. Значи сите овие закони кои содржат прекршочни санкции треба да бидат усогласени во определен рок со определен закон за прекршоци. Тој рок истекува на 27 мај, значи, за неполни десетина дена. Едно е прашањето зошто Владата чекала цела една година, во која беше преодната одредба на основниот закон за прекршоци за усогласување на сите овие закони и буквално во минута до 12, последната недела од истекувањето на рокот, ни ги доставува по скратена постапка во Собранието.

Се разбира дека формално и деловнички сето тоа е во ред, меѓутоа, прашање е, ако навистина Владата имала искрена намера и определба да ги применува и реализира одредбите од новиот закон за прекршоци, зошто тогаш го чекала последниот момент цела една година.

Со оглед на тоа како работи Собранието и како е менаџирано од мнозинството и од претседателот на Собранието, се соочува да се прекрши и овој последен рок затоа што многу седници во Собранието што се закажани не се ни започнати. Многу седници што се започнати не се завршени итн.

Така да, апсолутно не разбирливо е зошто Владата на овој начин постапува, дали била преоптоварена со работа и сега во последен момент сите овие закони со европски знаменца не ги доставува. Апсолутно ние кажавме и на комисиите нема да правиме никаков проблем, ќе ја дадеме подршката, ќе ги гласаме законите, меѓутоа забелешката останува дека ваквиот начин на работа на Владата не е ефикасен. Владата практично не и е вистинската желба да го спроведе новиот закон за прекршоци, со измени на целиот овој сет закони, туку напротив, се добива впечаток дека Владата сака да трча само да го запази формалниот рок за усогласување на законите. Меѓутоа, тоа на страна.

За овој закон, за прекршоци против јавниот ред и мир, од 23-24 членови, две третини од овие членови се однесуваат на суштинска материја која не е усогласување со Законот за прекршоци. Ние баравме, конкретно и на Законодавно правната комисија, кога државниот секретар на Министерството за внатрешни работи беше присутен како претставник на Владата, да се раздвои овој закон, односно овој дел од законот од формалното усогласување со Законот за прекршоци. Бидејќи несериозно е Владата да сака да помине, да протне на некој начин суштински норми под образложение дека се работи за просто усогласување со Законот за прекршоци што не е така. Затоа што овие одредби, преку дветретини од овој закон, пред се, содржат голем број на нелогичности во висината на казните, на глобите, во нивната сразмерност, со споредбата и логичноста со еден или друг вид прекршоци, итн.

Затоа тоа и го побаравме, да не оди вака законот во целина, во скратена процедура, туку овој дел, што се однесува на суштинските одредби, што се менува основниот Законот за прекршоци, да оди во редовна процедура, би можело да се расправа во две фази во Собранието, да се произнесат граѓаните, да се произнесат експертите, јавноста, да се отвори некоја јавна дебата, затоа што веќе во неколку наврати овие денови некои одредби од законот беа јавно критикувани, или на некој начин, дури исмејувани во медиумите. За што медиумите имаа и потполно право.

Затоа, Министерството треба да размисли, а мене сега не ми е јасно кој е ставот, колку е координирано и самото Министерството како предлагач? Господинот државен секретар на Законодавно правната комисија изјавува, ќе го видиме Извештајот на Комисијата дека се прифаќа забелешката, меѓутоа, еве доаѓа на пленарна седница, не е тоа реализирано. Сега е тука претставник заменикот министер. Навистина сакам одговор зошто тоа не е направено. Ние апсолутно не правиме никаков проблем, ниту да се запази рокот 27 мај, ниту пак спориме дека има нешто суштинско во усогласувањето со основниот Закон за прекршоци освен онаа генерална забелешка зошто за 15-тина закони Владата чека цела една година, во последен момент, во цајтнот само да трча по рокот, а не вистински да ја спроведе реформата и да се прилагоди на новиот закон за прекршоци.

Затоа, како и за овој закон и за Предлогот на закон за детективска дејсност, кога ќе дојде на дневен ред после неколку точки, предлогот е да се раздвојат одредбите што се однесуваат на суштински измени од оние одредби што се однесуваат на просто прилагодување и усогласување со новиот закон за прекршоци.

Сметам дека, ако ви беше целта да го запазите рокот до 27 мај, немате право вака на несериозен начин да протнувате некои други одредби за кои што доволно ниту во Праламентот, ниту ние пратениците сме биле запознаени навремено, за да можеме соодветно да реагираме и амандмански, за да можеме да направиме консултации и да понудиме соодветно решение. Вака испаѓа дека Владата сака набрзина нешто да протне, нешто што не е до крај проверено, избалансирано, нешто што не е логично, како што кажав, дури доаѓа на удар, на потсмев на јавноста и од медиумите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Кондарко.

Има збор госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Јас сакам да се придружам на моите колеги кои интервенираат заради тоа што станува збор за закон што не е едноставно изменување и дополнување на Законот за јавен ред и мир во насока на усогласувањет со Законот за прекршоци и она што мене ме загрижува, а го зборував претходно и по однос на други закони е тоа што прелесно го употребуваме знакчето на Европската унија, а дури има одредени елементи што значат усогласување со европското законодавство, се протнуваат решение што немаат никаква врска со тоа или во најмала рака, најмалку би можеле да се наречат европски. Таков беше случајот со Законот за рамномерен регионален развој и со неколк други закони претходно. Меѓутоа, за жал, таков е случајот и со овој закон.

Интересно е што и самото Министерството го признава тоа, заради тоа што во целите што се сакаат да се постигнат со уредувањето на односите со овој закон се вели дека предлозите што се дадени со овој закон "ќе коренспондираат на новата општествена стварност".

Сега, се прашувам кој и врз основа на кои критериуми одлучил какви ќе бидат прекршоците против јавниот ред и мир што "кореспондираат на новата општествена стварноста". По чија желба, на кој начин, врз основа на кои сознанија? Заради тоа што мислам дека во овој закон има такви недоречени и небулозни решенија што воопшто нема да можат да бидат применети во реалноста или пак што имаат добра основа да бидат злоупотребувани во јавноста.

На пример, во членот 8 се вели "Кој го нарушува мирот на други со пеење, користење на музички инструменти, радио и телевизиски апарати и други технички уреди, освен на вообичаени веселби", и јас сега ве прашуваме што вие подразбирате под вообичаена веселба? За секого е тоа индивидуално.

Понатаму, продолжува "како и со механички извори на врева ( моротот и слично) полицијата ќе го спречи и ќе му изрече глоба од 100 до 400 евра во денарска противвредност". Јас сега ве прашуваме дали полицијата ќе ги запира оние што возат мотор на сред улица и ќе им рече вие правите врева, треба да платите глоба и треба да престанете да возите?! Заради тоа што тоа е согласно членот 8 од законот за прекршоците против јавниот ред и мир и како еден од посочените, како извор на механичка врева, моторите треба да престанат да се возат во Република Македонија.

Понатаму, во членот 25 се вели "кој неоправдано престојува или неоправдано се задржува во заеднички простории (столбиште, подрум, заграден двор на станбена зграда во кој не е населе, во двор или простории на училиште во кое не е ученик, или во простории на друга јавна зграда) да му се изрече глоба во износ од 100 до 400 евра во денарска противвредност". Што Министерството за внатрешни работи подразбира под "оправдано престојување" или "неоправдано се задржува". Кој ќе го процени тоа? Полицаецот? Што би значело тоа "неоправдан престој" во овие простории, може ли да ни објасни заменик министерот.

И, доколку му изрече глоба, како ќе докаже дека е тоа навистина така, дека навистина неоправдано престојува.

Мислам дека има прелесни мерки, прелесни предлози и решенија што одат во насока дека во тенденцијата што се провлекува во овој период на потполна контрола од страна на Владата, меѓутоа овој пат не само на институциите што не се под капа на Владата, овој пат Владата, со вакви решенија, сака да стави контрола и врз инвидуалните лица односно и врз животот на обичните граѓани. Не смее да вози мотор затоа што прави врева и за тоа ќе плати глоба. Ќе плати глоба кога полицаец ќе го застане на сред улица, меѓутоа 500 метри подолу ќе го сретне друг полицаец и ќе му рече возиш мотор и предизвикуваш механичка врева, мора да платиш глоба. Така, ние ќе ги санкционираме лицата да плаќаат глоба заради тоа што возат мотори, заради тоа Министерството за внатрешни работи проценува дека ќе прават врева на тој начин.

Мислам дека Министерството треба сериозно да размисли дали ваквите решенија навистина регулираат и овозможуваат зачувување на јавниот ред и мир, или пак овозможуваат со вакви недефинирани и неопределени решенија, непрецизни решенија, нивна злоупотреба која што може да нанесе навистина голема забуна и меѓу граѓаните, меѓутоа и меѓу оние лица кои го спроведуваат овој закон. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓице Грковска.

Има збор господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министре, почитувани пратеници,

Мислам дека во право се отвора расправа околу Предлогот за закон на јавнот ред и мир, затоа што со овој закон се дефинираат и се определуваат голем број на прекршоци, но исто така се определуваат и доста високи казни.

Не сум убеден дека зголемувањето на висината на казните е резултат на некое поопсежно истражување или аналица на прекршоците, кои се тие прекршоци што почесто се случуваат, опасноста од нив па од тоа да произлезе некоја оценка дека треба да се зголемат казните и да се делува превентивно односно да ги одвраќа граѓаните и сторителите на вакви прекршоци во иднина да не прават прекршоци.

Некаде има изедначување, без разлика што се работи за различен вид на прекршоци од различна природа, казните се исти. Ако ги погледнете членовите 4, 5, 6, 7 и 8, секаде иста казна. Не е исто ако некој со викање го нарушува јавниот ред и  мир или на друг начин, па сега да биде предвидена казната. Има некои решенија во овој закон што можеби требаше на поинаков начин да бидат предложени. На Комисијата за безбедност и одбрана расправавме, таму имаше сугестии да оди во две фази, но сепак преовлада ставот дека поради итноста, поради тоа што еве и овој закон е еден од законите ставени во Агендата за доближување на нашето законодавство до законодавството на Европската унија, сепак преовлада ставот да одиме во скратена постапка. Но имаше апел пратениците да доставаат амандмани. Времето беше многу кусо, но сепак има некои амандмани. Мислам дека тука треба да направиме напор, оние амандмани што не ја нарушваат концепцијата на целиот закон да се прифатат. Можеби, на тој начин ќе го подобиме тексто на тој закон.

Инаку, сакам да посочам има некои нелогичности, што не знам дали ќе бидат спроведливи. Меѓу другото, во члентот 18 “ кој се оддава на проституција како издава односно става на располагање простории за вршење протитуција, ќе му се изрече глоба во износ од 600 до 800 евра”. А, веќе во членот 36 се изрекува и посебна прекршочна мерка “одземање на предметите”. Дали тоа значи дека некој ако стави на располагање просторија, стан или друга просторија дека тоа ќе се конфискува, ќе се одземе како просторија? Тука е нејасно, или, се мисли на некои други предмети ќе бидат одземени?

Така што, ако добро се анализира законот имало можности да се подобри текстот, па затоа можеби било добро да се расправа во две фази. Но, еве, поради итноста, можеби е добро сепак да прифатиме некои од амандманите што навистина држат.

Инаку, овој закон, овие законски решенија се можеби донесени пред можеби 30 години и повеќе, сега само се менуваат казните. Но, можеби прекршоците не се прилагодени на новите состојби во државата. И натаму некои од прекршоците, не можеме да ги видиме елементите што го сочинуваат прекршокот. Паушално се дадени. Ако се започне со нивно спроведување, мислам дека може да настанат штетни последици по правата на граѓаните, особено што за голем дел, скоро за сите, за сите прекршоци нема да одлучува веќе некој суд, туку тоа ќе го прави Комисија во рамките на Министерството за внатрешни работи. Она што беше “кадија те тужи, кадија те суди” сега тоа ќе се случува. Прекршокот ќе го утврдува припадник на полиција и Комисија во рамките на полицијата ќе ја одредува казната.

Затоа можеби требаше поопстојно да се расправа, но еве мојот апел е сепак да обврнеме внимание на предложените амандмани и оние што се прифатливи да ги прифатиме. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Трајанов.

Има збор госпоѓа Мери Младеновска - Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Почитуван потпретседателе, почитуван претставник на Владата, почитувани пратеници,

Причината поради која е потребно да се направи усогласување на овие закони се усвоените уставни амандмани во декември 2005 година, според кои, односно според амандманот 10 на Уставот на Република Македонија се овозможува за прекршоци определени со закон санкција да може да изрече орган на државната управа или организација или друг орган што врши јавни овластувања, а против конечната одлука за прекршок се гарантира судска заштита под услови и постапка предвидени со закон. Овој уставен амандман, што понатаму е преточен и во Законот за прекршоци донесен на 12 мај 2006 година, овозможува за прекршоци санкција да изрече и орган на државата управа.

Тоа се прави со овие предложени закони. Во образложението, во наведување на причините поради што е потребно да се изменат овие закони се наведува спроведување на стратегијата за развој на правосудниот систем во Република Македонија. добро е што конечно во некој акт предложев од Владата се спомнува исполнување на Стратегијата за реформа на правосудниот систем, но сметам дека начинот на кој што се прави тоа, апсолутно несоодветсвува на реформските процеси.

Желбата на Владата да ги запази роковите, мислам дека во моментов желбата на Владата се користи само како изговор, затоа што во изминативе месеци имаше можност Владата да ги направи овие измени и дополнувања. Ние гледаме за многу законски прописи Владата доцни со месеци, така што сега, изговорот до 27 мај, кога е краен рок за усогласување на овие закони, потребно е толку да брзаме да ги усогласиме, дека несоодветствува со другите активности на Владата. Повторно ќе го спомнам Законот за јавно обвинителство, Законот за Совет на јавни обвинители. Многу дебатиравме за тие закони. Ќе дебатираме кога ќе бидат во втора фаза.

Но, тоа што Владата доцни со месеци, еве 9 месеци, воопшто не и пречи. Така што мислам дека зад ова се крие нешто друго, а тоа е да се скрати рокот за поднесување амандмани од страна на опозицијата.

Вие може да имате желба да ја замолчите опозицијата, но овде се работи за закони кои се од суштинско значење за граѓаните на Република Македонија и до колку законите одеа во нормална постапка, тогаш ќе нарпавевме многу повеќе, ќе имаше можност претставникот на Владата да ги разгледа амандманите и на крајот самите законски текстови да бидат многу подобри.

Спомнав, законите можеле да се донесат и до сега. Од целиот овој број на закони што ни се денес на дневен ред, од прилика петнаесетина, најголемиот број од законите има некаде 2-3, некаде 5-6 амандмани и освен за овој закон за прекршоци против јавниот ред и мир каде има 40 одредби, но затоа што се работи за сосема нов законски текст, за разлика од останатите каде што има само измени и дополнувања.

Јас навистина сметам дека имало можност во изминатите 9 месеци, за 14 закони за кои изменетите одредби се од 2 до 5, тоа да се нарпави. Значи Владата ако сакала можела тоа да го направи многу порано.

Ако за измени и дополнувања спомнав, би можело евентуално и да зборуваме, не сега, на крајот на истекот на мандатот, но и претходно за скратени рокови, за итна постапка и т.н., за законот за прекршоци против јавниот ред и мир сметам дека тоа е недозволиво затоа што овој закон е сосема нов текст. Значи не станува збор за измени и дополнувања туку станува збор за предлог за донесување на закон за прекршоците против јавниот ред и мир, со Предлог на закон, сосема нов законски текст.

Овие закони ние ги добивме, значи со нив “се сретнавме” во понеделникот на 14. Рокот за амандмани беше до вчера 17 мај и денес 18 мај е закажана седница. Тоа скратување е направно само со цел да се смали можноста да поднесуваме амандмани. Јас за да ве уверам дека тоа е начин на работа на Владата, иако можеби после ова мое обраќање тоа нема да го примени претседателот на Собранието, сметам дека не треба да бидеме изненадени, на 23 мај, наредната недела кога ќе заминеме дома после седницата на Собранието, бидејќи наредното ден е празник, нема да бидеме изненадени, туку колеги очекувајте со телеграма или со брза пошта да ни биде закажана нова седница за овие 50-тина точки што сега ги имаме добиено, да, можеби реков, но должност ми е да ве опоменам и ќе бидам среќна ако не се направи тоа, и да бидат предвидени рокови за амандмани до 27, тоа значи недела, значи за празник и за викенд, а седницата да биде закажана за 1 јуни. Значи рокот за амандмани да биде 5 дена пред закажување на седницата. За овие рокови што ги кажувам овде на седница, можеби е оптеретување затоа што и граѓаните се соочуваат со нив, но колегите овде што се во сала знаат што значи тоа. Значи ако некој сака да напише амандмани кога е празник или кога е викенд треба да дојде во Собранието, да се обрати до службите во Собранието и тие да дојдат на работа за да може да поднесе амандмани, бидејќи рокот истекува во недела. Јас ќе бидам среќна ако овој пат не се случи тоа и ќе верувам дека како резултат на ова мое обраќање во Парламентот, позицијата да не се соочи со реакции од страна на јавноста и на медиумите, во однос на тоа прашање за кое говорам сега.

Почитувани колеги, сметам дека законот за прекршоците против јавниот ред и мир и голем број на закони кои поминаа на денешнава седница, но и оние што следат, ја покажуваат

суштината на правната држава, како што се Законот за личното име, Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, Законот за матична евиденција и т.н. да не ги редам сите закони од денешната листа.

Ако голем број на граѓани, а тоа е добро, не се соочуваат во текот на својот живот со закони од сферата на кривичната материја заради тоа што за сторување на кривични дела во законите се пропишува одреден квантитет на штетност, што мора да биде исполнет за некое дејствие да биде кривично дело и со многу други области од сферата на законодавството, со овие закони што претходно ги набројав, нема граѓанин во Република Македонија кој не треба да ги почитува или нема обврска да ги применува, почнувајќи од раѓањето па понатаму во текот на целиот живот, со менување на живеалишта, или пак со прекршоците против јавниот ред и мир. Токму затоа сметам дека Република Македонија како правна држава, а на тоа треба да внимава власта, не смее да си дозволи, за закони кои ја сочинуваат суштината на правниот поредок, на ваков начин и во ваква псотапка да ги носи. Затоа ние сега со овие измени и дополнувања што ни се нудат за 2-3 дена, се соочуваме со препис на претходните закони и само грубо нафрлање на измените и дополнувањата, усогласување со Законот за прекршоци, па во овој закон за прекршоци против јавниот ред и мир,има само изостанување на еден дел од одредби кои се ревидив односно кои биле во поранешниот систем, а не се дел од овој систем и само се изменети глобите. Еве ќе спомнам, сметате дека како нов закон ни се сервира ако, еве, во овој закон ја нема одредбата дека е прекршок вражење, прорекнување судбини и толкување соништа или слични измамувања и ова го правите под изговор дека се усогласува нашето законодавство со законодавството на Европската унија.

Јас не велам дека не треба да се менуваат законите, треба да се усогласуваат со Европската унија, меѓутоа тоа што сега ќе биде врањење и прорекнување судбини и толкување соништа, законско дејствие, нема да биде прекршок, сметате дека тоа е Европска унија и дека со тоа сте ја завршиле работата. Јас не се согласувам. Токму затоа, еве, имаме вакво наведување на постојните прекршоци иако само бришење на дел од тие што до сега постоеа, меѓутоа не видов никаде, не прочитав од овие 40-тина члена, воведување на ниту еден нов прекршок, а знаеме дека за сите изминати години, поради виолентноста на граѓаните, поради одредени промени кои се настанати во општеството, во моментот може да стане збор и за воведување на нови дејствија кои ќе се подведат под прекршоци против јавниот ред и мир, за на тој начин да ја гарантираме безбедноста на нашите граѓани, да го гарантираме мирот на граѓаните. Но, такви одредби нема, само има превртување или усогласување на одредбите. Меѓутоа, и ова прашање не е направено на соодветен начин, а тоа е како резултат на потребата, сепак овој закон да се усогласи со постојниот Закон за прекршоци каде се наведени износите на глоби кои може да се изречат на физичко лице, на правно лице, на одговорно лице во правно лице, но и ограничување на глобите што може да се изречат на физичко лице, под услов кога се работи за мандатно казнување, кога за тоа одлучува комисијата во државниот орган, бидејќи так апредвидуваат новите уставни амандмани.

За да стане збор за ваква правилна примена на законот за прекршоци, потребно е претходно да се нарпави анализа на прекршоците. Не може да стане збор за степенување, секој прекршок е прекршок, меѓутоа сепак има нијанси, има разлики. Токму затоа ние во моментот се соочуваме со еден тотален хаос во однос на тоа за кои прекршоци треба да одлучува комисија од страна на Минситерството за внатрешни работи, а за кои треба да постапува судот. Токму затоа имаме и огромни разлики во казните.

Прочитајте ги сите закони. Јас внимателно ги прочитав, иако рокот ни беше 2 дена, сите 15 закони и ќе видите навистина се работи за потполен хаос во однос на пропишаните глоби. Дури има прашања за кои сметам дека поради сериозноста и значењето, треба да одлучува суд, а тие се ставени како надлежност на комисијата во Минситерството за внатрешни работи, а тоа автоматски значи ограничување на глобата до 200 евра кога е за физичко лице, или пак за одговорно лице во правното лице 600 евра. Тие ограничувања се направени во законот за прекршоци. Таму правилно се направени тие прекршоци и нависитна е мал или помал износот на глобите, кога станува збор за казнување на лице место, мандатно казнување, бидејќи се овозможува поголема брзина во псотапувањето. Меѓутоа има прекршоци кои поради својата сериозност, подобро е за нив да бидат водени постапки од страна на судовите и да може да се изрекуваат повисоки санкции, отколку на овој начин да се прави тоа, како што во овој закон е направено. Затоа ние се соочуваме со една шареноликост во самите глоби што и во пракса навистина ќе доведат до еден хаос. Токму затоа овде се поставува прашањето, како штоспомнаа и некои претходни колеги во однос на членот 8, меѓутоа јас имам амандман за некои од овие прашања, па ќе зборувам дополнително, па членот 16 каде се работи за уништување и оскрнавување на споменици. Зарем Владата не е доволно поучена од она што ни се случуваше изминатиот период во однос на скрвнавењето на споменицитe, во однос на отстранувањето на бистите. Но, за Владата веројатно е поедноставно, министерот односно потпаролот на Министерството за култура да каже одговорен за тоа е тој што ги ставил, нека мисли тој што ги поставил бистите. Тоа е одговор на една сериозна Влада во однос на вакви прашања? Јас не се согласувам.

Понатаму, за неовластено отстранување, кинење, оштетување, од било кој начин изложување на подбив на симболите на Република Македонија и симболите на припадници на заедници и т.н.? Исто така сметам дека тоа не е соодветно. Илипак членот 28 за кој овде се остава можност, а со тоа автоматски се смалува санкцијата, да одлучува комисија во Минситерството за внатрешни работи, а може да стане збор и за опасни животни кога повредуваат или престрашуваат лица, имавме ситуации во пракса што значи тоа. Наместо од ситуациите во пракса да имаме некаква поука, кога имаше и настанување на смртни случаи, значи смртни последици поради напад од кучиња и други опасни животни, си го оставате прекршокот дефиниран на ист начин како и во претходниот период кога немало. Во претходниот систем можеби немало такви инциденти. И да не ве потсетувамна еден случај што пред неколку годинис е случи во Битола кога буквално едно дете од неколку години беше растргнато од куче, во рацете на неговата баба. За такви ситуации постојано читаме во весници. Јас имам амандман и за ова, меѓутоа поради крајниот рок за поднесување на амандмани и морето на прописи кои моравме да ги консултираме, можеби некои од амандманите што се доставени од колегите несоодвествуваат на некои други законски одредби. Но додека трае расправата по законот сметам дека претставникот на Владата наместо да седи сам во салата, треба да си повика помошници од Минситерството за внатрешни работи, кои работеле на оваа материја, да ги разгледаат амандманит еи ако е потребно дополнително усогласување со другите прописи додека трае расправата и тие амандмани да стана владини амандмани со одредени корекции и дополнувања и да дојдат овдека во салата да ги изгласаме, ако сакаме да имаме подобра закон. Можеби претставникот на Владата се чувствува доволно сигурен сам да биде овде, но факт е дека колку и да сака некој кога е на висока позиција, министер или заменик, не може да биде во тек со секој збор што е напишан во овие 15 закони. Јас верувам дека на заменикот му се познати одредбите од овие законски прописи, сигурно не би дошол овде пред нас ако е поинаку, но сепак поради скратеноста на процедурата, поради многуте амандмани што до вчера вечер ги пишувавме овде во Парламентот, прв пат сега ги гледа заменик министерот, треба да си викне помошници, или пак ова да го протолкуваме на поинаков начин, тоа да значи став на Владата априори да не прифати ни еден амандман. Мислам дека тоа е крајно погубно за сите нас. Овој закон не е ниту за Владата ниту за опозицијата, туку е за сите граѓани. Во спротивно ќе ни се случува тоа да нема соодветно казнување ниту за оние што неовластено користат петарди, оружја и други опасни средства, оние кои скврнават споменици, па на крај до оние кои фрлаат вода од балконите за кои, еве во овој закон нема никакви одредби, бидјеки Владата семта дека можеби тоа и не е дејствие кое треба да биде пропишано. Тоа покажува дека навистина не е направена никаква анализа на постојната состојба, на терен што се случува, во населените места што се случува, и во урбаните и во руралните средини, за да се пропише што е тоа што значи прекршок против јавниот ред и мир.

Ако оваа десничарска Влада што по секоја цена критикува се што е остаток од претходниот систем и што псотојано, па дури и вон од седниците зборува за моменталната опозиција дека се комуњари, јас ќе ве потсетам кој е поголем комуњар, вие што сте ги препишале прекршоците предвидено во Законот од 1984 година и што освен ова баење и не знам што друго сте укинале, се друго сте препишале и сте ги смениле бројките и казните? Значи тоа е реалноста. Тоа значи да не зборуваме нешто друго од тоа што реално постои во Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Три минути реплика за минситерот за внатрешни работи, господинот Елмази.

**Рафет Елмази:** Ќе се обидам да дадам неколку одговори на овие прашања.

Ние во Минситерството за внатрешни работи, со државниот секретар кој беше во Законодавно-правната комисија и со помошниците се консултиравме во врска со предлозите и забелешките што се направија во Комисијата. Од државниот секретар беше кажано дека ќе ги разгледаме, не се обврза тие нивни предлози да бидат прифатени. Ние расправавме во врска со тие предлози и тие не се прифатени.

Оваа Влада мислам дека е подготвена да ги спроведува сите закони што ги донесуваме, па и за овој Предлог закон за прекршоците против јавниот ред и мир. Со овие глоби кои сме ги предвиделе тука мислиме дека ќе дејствуваме превентивно. Значи максимално ќе се трудиме да се спроведува овој закон.

Уште еднаш повторувам, овие глоби можеби се високи, но ќе дејствуваат превентивно.

Што се однесува до предлозите во овој закон, навистина се од минатото, од бившиот социјалистички самоуправен систем но сега ние се трудиме да го подобриме овој закон. Ние не мислиме уште еднаш да расправаме по предлозите и забелешките дадени во Комисија, бидејки ние еднаш сме расправале во Минситерството за внатрешни работи и истите не се прифатени.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Елмази.

Една минута контра реплика за госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Со ова што го изнесе заменик министерот за внатрешни работи, само потврди дека ставот на Владата е априори да се одбијат сите амандмани поднесени во однос на законите, бидејки кажа, направивме

консултации по она што беше изнесено на комисии. Значи други консултации не се потребни.

Во однос на амандманите, денес ги одбивме, нормално, бидејќи вчера беа пишувани, Владата не планира во текот на денешниот ден да губи време за тоа, да се изморува со амандмани, туку едноставно ќе ги одбие.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам.

Јас се јавив уште еднаш заради тоа што сакам да потенцирам дека не може итноста да ни биде изговор за вметнување на непрецизни решенија кои можат да доведат до недоумици, или пак кои можат да се злоупотребуваат од страна на лицата кои треба да го спроведуваат овој закон.

Не постои таков аргумент за поднесување на закон по итна постапка, во ситуација кога пратениците постаојано заседаваат, да немаат време да поднесат амандмани, ама само заради тоа што е итен и заради тоа што на него стои знакот на Европската унија, пратениците да го изгласаат, па каков и да е, лош, со непрецизни решенија. Не смее Владата да си дозволи да го злоупотребува знакчето на Европската унија, со решенија кои не се во согласност со законодавството на Европската унија. Не смее Владата да го злупотребува аргументот на итност само за да се носат лоши закони или закони по теркот на ВМРО-ДПМНЕ.

Сега ќе кажам дополнително зошто тоа го мислам.

Во членот 12 се вели: “Кој омаловажува државен орган односно омаловажува или навредува службено лице на државен орган или друга институција која врши јавно овластување на вршење на службата, ќе му се изрече глоба во износ од 600 до 800 евра во денарска противвредност.

Ако службено лице од став 1 на овој член е полициски службеник, на сторителот ќе му се изрече глоба во износ од 600 до 900 евра во денарска противвредност:.

Јас не знам дали е ова усогласено со Законт за полиција, меѓутоа, ова остава простор за злоупотреба на овој член од законот. Ако полицаец смета дека е некако омаловажен од страна на сторител, ќе му изрече глоба, меѓутоа, зборот на полицаецот ќе биде против зборот на сторителот или против зборот на граѓанинот.

Јас ве прашувам како тука ќе ја избегнеме злоупотребата на примената на овој член од Законот за јавен ред и мир? Дали ние не стануваме полициска држава на ваков начин? Претпоставувам дела е тоа целта што сака да се постигне со овој закон, а што е напишана во законското решение, претпоставувам дека е тоа новата општествена стварност што ја креира Владата на ВМРО-ДПМНЕ полека, но сигурно да станеме полициска држава. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓице Грковска.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе, јас се извинувам не сакам кога два пати се јавувам за збор, но читајќи ги законите, бидејќи времето ми беше ограничено за целата оваа работа, има низа апсурдности во законот. Сега се мислам дали да ги читам или не, бидејќи некои од нив навистина ќе бидат атрактивни за медиумите и ќе дојдат многу смешни.

Да потсетам, во интерес на јавноста, седницата е закажана во петок попладне, минатиот петок, кога си отидовме сите дома, со една крајно непримерна тактика во Собранието. Ова е веројатно прва седница после 16 години што сите точки се по итна постапка, а кои не се да речеме врзани со некој рок како што се испраќање на трупи во меѓународните мисии, што ни се обврска, и тн.

Во таа брзина направени се такви грешки што се крајно апсурдни и прво ќе предизвикаат недоумица кај граѓаните, ќе дадат преголема сила на оние што треба ова да го спроведуваат, иако со Законот за полиција се регулирани некои обврски, но мислам дека тука е премината границата. Дека има неколку нелогичности, можеби Владата може да размисли во овој момемт дали ќе остане на овој текст. Имено, на пример со секој закон оди образложение, дали се потребни финансиски средства и акти што треба да се донесат за извршување на законот. Сега пишува: цитирам

“За извршување на овој закон...” за тоа дали вика или не вика, дали некое животно е заштитено ако се шета, дали скрнавува споменици или не вели “потребно е Владата на Република Македонија да донесе одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава”. Мислам дека тука е нешто измешано со некоја друга одредба која требала да дојде.

Или, во членот 36 вели: “За прекршоците утврдени со членовите 5, 10, 16, 17, 18 и тн., се изрекува и посебна прекршочна мерка одземање на предметите што се употребени за извршување на прекршокот”.

Понатаму, член 10 е тепачка. Што ќе му одземе? Или недај Боже кај член 18 е проституција, што ќе прави државниот орган? Мислам дека Владата треба да направи некоја пауза каде ова ќе го реши, навистина има некои нелогичности, навистина ќе се доведеме во ситуација ние што треба да гласаме, бидејќи е со знаменцето, ќе притиснеме за, а после ќе се смееме, како што сега дечко од 18 години или девојка што има возачка дозвола не може да излезе сам навечер со девојката, бидејќи мора родител да има позади, таков закон донесовме со Законот за прекршоци и безбедност. Ќе направиме проблем меѓу младите.

Навистина има многу апсурдни работи, па ако може нешто да се среди во меѓувреме, навистина сакаме да гласаме за овој закон што е со знаменцето. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Макрадули.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за прекршоците против јавниот ред и мир.

Пред да ве повикам на гласање, би ги замолил пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата, а службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

(Нема доволен број).

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да пристапиме кон гласање на заклучокот.

Уште еднаш би ги замолил пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

Бидејќи во салата има доволен број на присутни пратеници, заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Бидејќи за заклучокот гласаа само 56 пратеника, за да бидеме сигурни, уште еднаш би ги повикал службите да ни достават точен број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Во моментот на гласање во салата се присутни 61 пратеник, така што гласањето е валидно.

Значи гласаа 56 пратеника од кои 47 гласаа за, 9 воздржани, против нема.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници гласаа 56 од кои 51 гласаа за, 5 беа воздржани, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Фијат Цаноски поднесе амандмани за додавање нов член 8-а по членот 8, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Есад Рахиќ и Весна Јаневска поднесоа амандмани за член 8 став 1 и на член 20, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Весна Јаневска, Валентина Божиновска и Есад Рахиќ поднесоа амандмани на член 2; член 9 став 1; член 18 став 1; член 25 и на член 30, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Мери Младеновска Ѓорѓиевска и Весна Бендевска поднесоа амандмани на член 8 ставови 1 и 2; член 16; член 17, за менување на член 28 и на член 30, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од пратениците Весна Јаневска, Валентина Божиновска и Есад Рахиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за внатрешни работи, повелете.

**Рефет Елмази:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам потпретседателе, почитуван заменик министер, мислам дека се работи за допрецизирање на она што еден ден во имплементацијата на законот ќе значи вистинска или невистинска правна држава или правен поредок. Едноставно се работи повеќе за техника. На постапката каде го нарушува мирот, работата или вообичаениот начин на живеење на граѓаните, да го замениме со “омаловжува, понижува и навредува” граѓаните, бидејќи мислам дека најчесто тоа им се случува на граѓаните.

Навистина сметав дека е од технички карактер и дека е лингвистичко допрецизирање и мислев дека требаше да се прифати. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Божиновска.

Има збор господинот Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Слушајќи го она што моите колеги пратеници го зборуваа кога разговаравме по Предлогот за донесување на закон, сметам дека образложението што го даде колешката Божиновска е во право. За да не паднеме во состојба каде поради нејаснотии и недоречености во законот ќе се повредат правата на граѓаните, сметам дека овој амандман треба да се прифати.

Жал ми е што претставникот на Владата, веројатно и државниот секретар кој беше на седница на Комисијата за безбедност и одбрана не ги прифатија нашите сугестии. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Рахиќ.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме:

За амдނманот гласаа 61 пратеник од кои 50 гласаа за, воздржано 4, против 7.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1, поднесен од пратениците Есад Рахиќ и Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи, повелете.

**Рефет Елмази:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Процедурално господинот Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Ова што го рекоа моите колеги во делот на размислување, би сакал да го вратите назад гласањето за да можам да го образложам амандманот затоа што сметам дека токму во насока на...

**Бесим Догани:** Во ред господине Рахиќ, тогаш имате збор, гласањето ќе го повториме, повелете.

**Есад Рахиќ:** Бидејќи има многу амандмани за член 8 став 1, она што го зборуваше колешката Грковска и останатите, она што го разговарав со моите колеги од ВМРО-ДПМНЕ, за да не дојдеме во состојба заради одредени нејаснотии да се нарушуваат правата и слободите на граѓаните, го поднесовме овој амандман сакајќи точно во кој временски период ќе биде ограничено правење на бука. На времето имаше и во куќните совети, ако се сеќавате, временски период од 15,00 до 18,00 часот и подоцна од 23,00 до 00,06 часот да можат граѓаните да се одмараат.

Втора работа, треба да се разјасни што значи бука. Можеби некој сака да слуша класична музика малку погласно, а има комшија на кој му пречи, затоа сметам дека овој амандман држи и дека може да се прифати.

Барам од парламентарното мнозинство и колегите пратеници да го поддржат и овој амандман. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Рахиќ.

Пратеникот Силвана Бонева, процедурално, повелете.

**Силвана Бонева:** Потпретседателе, во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, барам 15 минути пауза.

**Бесим Догани:** Во ред, давам 15 минути пауза, продолжуваме во 13,30 часот. Ви благодарам.

(Паузата е дадена во 13,16 минути)

(По паузата седницата продолжи 13,54 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да ги заземат своите места, продолжуваме со работа.

Значи, во договор со Владата амандманот на член 8 став 1, по кој отворивме претрес, Владата се согласи да го прифати, затоа ќе го замолам заменик министерот да се произнесе дека го прифаќа амандманот на господинот Рахиќ.

Амандман на член 8 став 1, поднесен од пратениците Есад Рахиќ и Весна Јаневска.

Го молам заменикот министер да се произнесе.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи.

**Рефет Елмази:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Значи Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8, ставови 1 и 2, поднесен од пратениците Мери Младеновска Георгиевска и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи.

**Рефет Елмази:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати овој амандман и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 8-а, по членот 8 поднесен од пратеникот Фијат Цаноски, под архивски број 07-2060/2.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи.

**Рефет Елмази:** Амандманот не се прифаќа, заради тоа што ова е регулирано во Законот за безбедност на сообраќајот.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Фијат Цаноски, повелете.

**Фијат Цаноски:** Благодарам потпретседателе,

Во членот 8, каде што е опфатено нарушување на мирот по разни основи, како и казната односно глобата за овие прекршоци, сметам дека треба да се додадат и други прекршочни дејствија, кои треба да ги санкционираат на некаков начин. Можеби треба да бидат и поригорозни, заради природата на прекршокот.

Имено, станува збор за диворганизираните трки по градските улици, особено на скопските булевари. А не само на скопските булевари и во другите градови низ Македонија, каде што посебно младите ги организираат во ноќните часови.

Инаку, оваа немила појава е присутна подолго време и константно ја загрозува безбедноста на сите учесници во сообраќајот, како на возачите, така и на пешаците.

Во рамките на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, се откраднува дел кој не е санкциониран со нерегуларности од овој прекршочен карактер.

Иако, спортските и другите приредби на пат се регулираат со овој закон во точка 31 по членот 159 до член 167.

Сите знаеме дека особено во ноќните часови улиците стануваат поприште на вандалски рели иживувања, кои неретко имаат и фатален исход. Да биде уште потрагично страдаат случајни и недолжни лица. Законската регулатива не само што треба да ја сузбие, туку и итно да ја искорени ваквата појава и најстрого да ги забрани овие трки.

Поради тоа, го предложив овој нов член 8-а, кој радикално би ги санкционирал ваквите поведенија, за да не се претвориме, а веќе има такви закани во дел од амбиентот на нашиот живот и нашата урбана средина да ја претвориме во сообраќаен силеџиски хаос.

Затоа, мојот амандман гласеше: кој на јавно место без одобрение организира или учествува во трките со моторни возила и предизвикува негодување на граѓаните, или ја загрозува нивната безбедност, ќе му се изрече глоба во износ од 500 до 1000 евра во денарска противвредност. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Цановски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

По паузата ќе продолжиме со гласање по овој амандман.

(Објавувам пауза до 15,00 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,17 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да ги заземат своите места, а службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Во салата нема кворум и присутните пратеници во салата чекаат да се создаде кворум).

Ги молам службите уште еднаш да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Во салата нема кворум).

Ги молам пратениците кои не се присутни во салата да влезат во салата за да можеме да продолжиме со работа.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се создаде кворум).

Уште еднаш ги повикувам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата се присутни 62 пратеника, продолжуваме со работа.

Претресот по амандманот за додавање нов член 8-а по членот 8, поднесен од пратеникот Фијат Цаноски под архивски број 07-2060/2, е заклучен.

Затоа, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеника, за амандманот гласаа 57, 11 пратеници гласаа за, 2 воздржано, и 44 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 8-а по членот 8, поднесен од пратеникот Фијат Цаноски под архивски број 07-2060/3.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи, повелете.

**Рефет Елмази:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1, поднесен од пратениците Весна Јаневска, Валентина Божиновска и Есад Рахиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за внатрешни работи, повелете.

**Рефет Елмази:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

За збор се јави Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Само да дообјаснам дека беше практично она што го прецизираше и членот 2, истото се однесува и на член 9, значи под зборот “малтретирање” заради допрецизирање, бидејќи навистина зборот “негодување на граѓаните” може да значи многу доколку не допрецизираме дека зборовите “омаловажување, понижување и навредување”, што исто така се најчест составен дел на случувањата. Благодарам во секој случај.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 59 пратеници, 54 пратеници гласаа за, воздржани немаше, против гласаа 5.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот и тој станува составен дел од проектот на Предлогот на законот.

Отоврам претрес по амандманот на член 15, поднесен од пратениците Мери Младеновкса-Ѓорѓиевска и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи.

**Рефет Елмази:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Мислам дека навистина имаше можност амандманот да се прифати, заради тоа што - еве, ќе го прочитам членот 15, за да видите дека апсолутно е нејасен и не знам каде ќе излегува службеното лице што ќе биде повикано.

“Член 15: кој лажно повикува на помош или пријави настан со намера да предизвика излегување на службено лице на државен орган или на јавна служба ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 400 евра во денарска противвредност”.

Излегување на службено лице - каде? Увид да врши, да констатира нешто? Излегување на балкон, што? Не е јасна одредбата, нема зборови, не е дифиниран текстот, но Владата работи така како што работи.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Но, повелете, има збор заменик министерот.

**Рефет Елмази:** Од претходниот закон тука немаме измени. Во праксата немавме такви проблеми. Но, кога ќе го направи увидот службеното лице, значи од полиција, тој ќе направи стручен увид и сите факти ќе ги собира, ќе бидат многу тешки факти во тој настан, односно во тоа пријавување. Значи, стручното лице многу стручно и многу прецизно ќе ги собира тие факти.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

За реплика се јавија Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Славица Грковска и Игор Ивановски.

Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска -Ѓорѓиевска:** Морам уште еднаш да повторам. Ако Владата сакала да предложи прецизен текст кој ќе предизвика поведување постапка за прекршок спрема лицето што лажно ќе повика на помош или ќе пријави настан, точно треба да каже за какво излегување на службеното лице станува збор. Од канцеларијата негова што ќе излезе? Каде ќе оди, каде ќе се движи? Ве молам, можеби вие подразбирате што значи тоа, но мора да се дефинира за да биде јасно што ќе се применува, врз основа на каков повик и каде ќе се движи службеното лице.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Три минути за реплика госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Јас не можам да се согласам со заменик министерот дека единствениот аргумент зошто овој амандман не се прифаќа е истото решение од стариот Закон. Заради тоа што заменикот министер треба да воочи дали амандманот го подобрува текстот на законот, а не дали е ист со старото решение во Законот. Впрочем, ако ги препишуваме само старите решенија во законот и правиме само шминка во одредени измени, во смисла на сумите за плаќање на глоба, тогаш јас не ја гледам целта на предложените измени и нивно суштинско влијание во тоа што се што е наведено да се предложат измени што ќе кореспондираат на новата општествена стварност.

Ако заменик министерот смета дека овој амандман го допрецизира членот, без разлика што е ист како во претходниот Закон, мислам дека треба да го прифати, а не да се раководи по тоа. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе приајвени за збор...

Контра реплика има заменик минситерот за внатрешни работи, повелете.

**Рефет Елмази:** Уште едно образложение.

Ако увидот, увидот е многу потесно, а излегувањето, значи службеното лице кога ќе излезе, ако има лажнопријавување или ако има вистински настан, тој ќе излезе, тоа е многу поопширно, а увид е многу тесно, како дејствие што ќе го преземе службеното лице. Затоа не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Грковска Славица се јави за збор, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван заменик министре.

Тогаш објаснете ни го терминот “излегување на службено лице”. Ве молам тогаш да ни објасните вие што тогаш подразбирате под излегување на службено лице. Во тој случај, ако веќе имате формулација за тоа што значиувид, а што значиизлегување на службено лице, тогаш требаше да дадете толковник во рамките на овој закон, па да немате вакви дилеми.

Како ќе објасните на оние кои треба да го применат овој закон што претставува за вас излегување на службено лице?

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавни за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 60 пратеници, од нив 11 гласале за, 1 воздржан, против 48 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 поднесен од пратениците Мери Младеновска Ѓорѓиевска и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи, повелете.

**Рефет Елмази:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 поднесен од пратениците Мери Младеновска Ѓорѓиевска и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи, повелете.

**Рефет Елмази:** Амандманот се одбива, но нели, казната е престрога тука и можеме, 1500 евра, можеме тука.

**Бесим Догани:** Значи, Владата го прифаќа амандманот видоизмент. Предлагачот на амандманот се согласува.

Значи, амандманот е прифатен со видоизменет текст.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 поднесен од пратениците Весна Јаневска, Валентина Божиновска и Есад Рахиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи, повелете.

**Рефет Елмази:** Амандманот се одбива.

Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Валенитна Божиновска, повелете.

**Валенитна Божиновска:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван заменик минситре, мислев дека ќе олесниме една појава што мислам дека е во сериозен напредок и размер. Се сеќавам на последните податоци од МВР, на луѓето кои ја користат услугата на простотуцијата, за жал, овде, членот 18 ги застапува само оние кои се оддаваат проституција. Свесни сме дека тоа се најмногу малолетничките. Впрочем и случајот во Штип, во Кочани и т.н., глобата е позната колку се однесува на луѓето кои ги издаваат угостителските простории или пак воопшто просториите во кои се одвива чинот, меѓутоа никаде немаме глоба за луѓето уживатели. А, веднаш после тоа имаме член за уживателите на наркотици. Немаме за оние кои ја користат услугата од просторуцијата.

Навистина мислев дека ова, можеби е малку поригидна и поригорозна мерка, но има логика, особено заради сериозниот размер, во мигов, на уживателите, дозволете да го употребам тој збор , на користење на ваков тип на услуги.

Во секој случај, благодарам на пратениците без разлика како ќе гласаат.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, особено почитувани колешки пратеници, јас сакам да дадам поддршка на овој амандман, затоа што најчесто жртва на простотуцијата се малолетни лица и тоа во најголем број случаи. Не исклучувам и спротивното на ова што сега ќе го кажам, во најголем број на случаи лица од женскиот род.

Јас би замолила, ако може две минути да се сослушаме, ако веќе не барате од пат да се вратиме за да направиме кворум, мислам дека е редно барем две минути да не сослушате. Благодарам.

Значи, ги повикувам колешките пратеници, затоа што во најголем случаи реков дека на проституција се оддаваат однсоно се подведуваат малолетни лица од женски пол, да дадат поддршка, затоа што навистина сметам дека, ако се имаат во предвид членовите што следуваат, како што е членот...

**Бесим Догани:** Колеги пратеници ве молам потивко за да се сослушаме. Инаку, ќе бидам принуден или да дадам пауза или да ја прекинам седницата.

Повелете госпоѓо Топузова.

**Роза Топузова Каревска:** Значи, како членовите што следат, каде што се изрекуваат казни или со новата терминологија глоба и за оние кои се уживатели, тогаш навистина овој амандман станув алогичен и апсолутно поддржлив.

Се надевам дека ќе добие поддршка од колешките пратенички. Токму во таа насока беше и моето јавување за збор, затоа што веќе заменикот си гокажа своето,останува да овој амандман, со помош секако и на колегите, биде изгласан од Собранието. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Топузова.

Има збор госпоѓа Бонева Силвана, повелете.

**Силвана Бонева:** Почитуван потпретседателе,

Сосема на кратко сакам да ја изразам мојата поддршка на овој амандман.

Сметам, заради конзистентност на законскиот текст, бидејки во членот 19 имаме одредба што вели кој се оддава на уживање на наркотични droги, психитропни супстанци ќе му се изрече глоба од 200 до 500 евра,сметам дека и оној не само кој се оддава на проституција, туку и оној кој користи услуги од простотуцијата треба исто така да му се изрече глоба во износ од 600 до 800 евра во денерска противвреднсот.

Ова го зборувам уште повеќе од причини што во Република Македонија, во моментов е во пораст користењето на деца со цел да се простотуираат. Тоа е едно кривично дело. Меѓутоа, мислам дека на овој начин исто така Ќе придонесеме за овие негативни појави во општеството да ги нема и да се намалат. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор госпоѓа Младеновска Ѓеорѓиевска Мери, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** И јас исто така сакам да ја искажам мојата подршка на овој амандман, затоа што сметам дека во вакви дејствија треба сите учесници да ги сносат последиците. И тие кои се оддаваат на простотуција, но и оние кои се корисници на услугите. Тогаш ќе може да стане збор за рамноправност.

Во спротивност, не.

**Бесим Догани:** Ви благодарам

Има збор госпоѓа Поповска Лилјана, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитувани колеги, очигледно овој амандман ја расталаса салава и добро е тоа. Проституцијата е еден од најконтроверзните проблеми во едно општество и во разни општества на различен начин се третира. Има помал број држави каде простотуцијата дури е легализирана.

Но, со оглед на тоа што ние не припаѓаме на такво општество, туку простотуцијата ја санкционираме и се бориме против неа, јас лично сум поддржувач на таквиот став.

Сметам дека амандманот на колешката Валентина Божиновска е многу на место. Значи, да се санкционира не само оној кој организира и дава услуги, тукуи оној кој користи услуги, затоа што ако се бориме против некое зло, треба да се бориме фронтално и да ги сузбиваме сите субјекти, па и оние кои иницираат и кои го стимулираат тоа дејствие.

Давам апсолутна подршка за амандманот.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Поповска.

Има збор госпоѓа Ристана Лалчевска, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе.

Македонија е држава во која штопростотуцијата е казниво дело. Меѓутоа, никогаш во законските решениај што сме ги имале не сме ги казнувале оние кои ги користат услугите.

Сега, навистина се поставува дилема дали со прифаќањето на овој амандман, што јас го подржувам, ќе дадеме импулс на поинакво решавање на ова или во насока на легализирање на простотуцијата и подведување под една контрола на оваа појава. Или пак, во насока на казнување на оние кои даваат услуги, меѓутоа казнување и на оние кои ги примаат нивните услуги, со цел да ја намалиме оваа негативна појава.

Јас ценам, токму казнувањето сопрекршочна казна на оние кои користат такви услуги, ќе даде позитивенимпулс вонасока на расчистување на оваа појава.

Затоа ќе дадам подршка на ово амандман.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Лалчевска.

Има збор господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Добро, сега се отвори расправа во врска со овој амандман.

Има аргументи и да се прифати, меѓутоа има и аргументи против. Знаеме дека има кривично дело примање и давање поткуп. До сега никогаш не сме расчистиле кривично дело на примање поткуп, бидејќи се осудуваше или претеше казна на тој што дава. Тој никогаш нема да признае дека дал поткуп.

И во овој случај ќе се усложни целата постапка. Многу малку ќе имаме сведоци да се докаже дали некој се бави сопростотуција или не. Така што, од аспект на зајакнување на борбата против проституцијата можеби е опрадано, меѓутоа од аспект на тоа дали тоа може да се докаже и дали тоа ќе претставува прекршок и дали ќе издржи како решение во законот, јас не сум сигурен.

Затоа јас сум против овој амандман.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Трајанов.

За реплика се јави госпоѓа Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Се надевам дека и останатите колешки пратеници правилно ќе ја разберат дискусијата на почитуваниот колега Павле Трајанов, нема да дада поинаква конатација.

Но, во секој случај, мислам дека она што тој го кажа, не е доволен аргумент, образложение за да не се прифати овој амандман, затоа што навистина треба да се почне од некаде и ако имаме во предвид, макар што јас не се сомневам дека тој подобри ги познава состојбите во полицијата и откривањето на казнивите дела, меѓутоа сметам дека има механизми со кои што многу лесно може да се открие кои се корисници на овие услуги. Сега не би сакал во Парламентот да отворам поширока дебата во таа насока.

Токму поради тоа сакам да продолжиме со овој тренд што го имаше се до моментот додека не се јави почитуваниот колега, да дадем подршка на овој амандман. Во секој случај не сметам дека ќе има негативни последици. Можеби не е доволно, како што кажа колешката Ристана Лалчевска, но треба од некаде да почнеме. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Топузова.

Контра реплика од една минута има господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Мислам дека апсолутно не се работи за тоа дали е некој за или против. Се работи за тоа дали таков прекршок ќе биде издржан и дали, ако направиме споредба било каде во светот има таков прекршок. Да не бидеме исклучок. После одредено време да не оцениме дека сме направиле промена во законскиот текст што не е одржлива или не едокажлива.

Инаку, мислам дека во простотуцијата има вклучено и мажи и жени, така што тука нема некоја разлика. Сепак, тоа е мое предупредување, да не донесеме одредба што ќе отскокнува од светските трендови. Да не направименекоја грешка, тоа беше укажувањето.

Инаку, ако има расположение амандманот да се прифати тој ќе се прифати и така и така.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор госпоѓица Марија Андоновска, повелете.

**Марија Андоновска:** Благодарам потпретседателе.

Сосема на кратко, во две реченици би сакала да ја искажам мојата пдоршка за овој амандман. Имајќи го во предвид фактот дека е голем бројот на млади девојки кои се оддаваат на простотуција и се со цел да ги заштитиме истите, сметам дека соодветно треба да се санкционираат уживателите на овие услуги. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓице Андоновска.

Има збор госпоѓа Флора Кадриу, повелете.

**Флора Кадриу:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Побарав збор исто така и јас да го подржам овој амандман имајки предвид дека жртви во овие случаи најчесто се женските. Мислам дека казната, било и материјална, треба да биде за двете страни, тие девојки кои се инволвирани во проституција и лицата корисници на услугите. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор господинот Цветко Грозданов.

**Цветко Грозданов:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Мислам дека уште од почетокот не добро го протолкувавме членот 18, поточно зборот оддава, во кој што сметаме дека оддавањето е само давање. Јас, оттука ќе напомнам дек аоддавањето значи внесување во самата простотуција. Не станува збор за машки или женски пол. Оддавањето е влегување во простотуцијата.

Со ваквото толкување на членот 18 нема потреба од амандманско реагирање, затоа што тука и користителите и оние кои нудат, подеднакво одговараат според членот 18 од Законот. Оддавање значи дека секој кој се внесува во простотуцијата. Не значи само оној кој ги зема парите или оној кој ги дава парите ќе треба да биде санкциониран.

Во таа смисла мислам дека од почетокот почнавме погрешно со оддавањето во овој член.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Грозданов.

Бидејќи повеќе нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По прикажувањето на резултатите од гласањето)

Ги молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата, без последните три пратеници кои влегоа после гласањето.

(Службите доставуваа на точен број присутни пратеници).

Бидејки во моментов на гласањето во салата немаше доволен број на присутни пратеници, амандманот го ставам повторно на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 62 пратеници, за гласале 39 пратеници, воздржани немаше, против 23.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот.

Отворма претрес по амандманот на член 20 поднесен од пратениците ...

(реакциј а од пратениците и службите дека амандманот не е усвоен).

Амандманот не е усвоен, бидејќи само 39 гласаа за.

Процедурално за збор се јавува пратеникот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Блгодарам почитуван потпретседателе.

Согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија, бидејќи имаме можност за поединечно гласање, барам поддршка од 10 пратеници за поединечно гласање.

**Бесим Догани:** Дали има поддршка од 10 пратеници? (Да).

Бидејќи имате поддршка од 10 пратеници, за амандманот ќе гласаме поединечно.

Го молам секретарот на Собранието да излезе на говорница за да извршиме поединечно Гласање.

(Секретарот на Собранието излага на говорница и врши прозивка за поединечно гласање).

Владанка Авировиќ - за

Џевад Адеми - отсутен

Насер Ајдини - за

Рафис Алити - отсутен

Иван Анастасовски - против

Стојан Андов - за

Марија Андоновска - за

Теута Арири - отсутна

Али Ахмети - отсутен

Весна Бендевска - отсутна

Блерим Беџети - отсутен

Силвана Бонева - за

Валентина Божиновска - за

Владо Бучковски - отсутен

Агрон Буџаку - отсутен

Абдулади Вејсели - отсутен

Фазли Велиу - отсутен

Трајко Вељаноски - против
Зоран Витанов - за
Љубиша Георгиески - отсутен
Љубчо Георгиевски - отсутен
Кире Гештаковски - отсутен
Соња Анѓелова Стојанова - за
Тале Герамитчиоски - отсутен
Јован Гинев - против
Славица Грковска - за
Цветко Грозданов - против
Панче дамевски - за
Томе Даневски - за
Оливер Дерковски - против
Катерина Димеска - против
Дарко Димитриевски - против
Ратко Димитровски - против
Илија Димовски - против
Бесим Догани - против
Марјан Додовски - остутен
Даниел Дончев - отсутен
Благородна Дулиќ - против
Садула Дураку - отсутен
Ружа Ѓорѓевска - за
Веле Ѓорѓиевски - против
Владимир Ѓорчев - отсутен
Андреј Жерновски - отсутен
Благој Зашов - за
Хазбије Ибиши - за
Љубисав Иванов Ѕинго - отсутен
Цветанка Иванова - отсутна
Јагода Ивановска - за
Игор Ивановски - отсутен
Светлана Јакимовса - за
Зумрете Јакупи - отсутна
Весна Јаневска - отсутна
Аднан Јашари - отсутен
Гарип Каба - воздржан
Флора Кадри - за
Ацо Киров - отсутен
Анита Кипаризовска Крстеска - за
Илија Китановски - против
Лазар Китановски - отсутен
Борис Кондарко - за
Ванчо Коцев - против
Стојче Крстевски - за
Јагнула Куновска - отсутна
Ристанка Лалчевска - за
Јани Макрадули - отсутен
Јован Манасиевски - отсутен
Гоце Маркоски - против
Ружди Матоши - против
Горан Мисовски - за
Веле Митаноски - за
Илинка Митрева - отсутна
Мери Младеновска Ѓорѓиевска - за
Неждет Мустафа - отсутен
Слободан Најдовски - отсутен
Хади Незири - отсутен
Сафет Незири - отсутен
Марјанчо Николов - отсутен
Александар Николовски - за
Ѓорѓи Оровчанец - отсутен
Миле Пачемски - отсутен
Ристо Пенов - отсутен
Тито Петковски - отсутен
Зоран Петрески - отсутен
Горан Петров - против
Азис Положани - отсутен
Петар Поп Арсов - против
Лилјана Поповска - за
Никола Поповски - отсутен
Агим Рамадани - против
Есад Рахиќ - за
Даут Реџепи - отсутен
Никола Рилкоски - отсутен
Селвије Салиу - отсутна
Шабан Салиу - за
Мирјана Секуловска - отсутна
Ајше Селмани - отсутна
Елмази Селмани - отсутна
Влатко Серафимов - за
Александар Спасеновски - отсутен
Оливер Спасовски - за
Нада Станчевска - за
Анета Стефановска - за
Иван Стоиљковиќ - отсутен
Ристо Стојанов - воздржан
Фадил Сулејмани - отсутен
Надица Танчева Тулиева - за
Мендух Тачи - отсутен
Виолета Ташева - за
Роза Топузова Каревска - за
Павле Трајанов - против
Никола Ѓуркчиев - отсутен
Верица Филипова - за
Ќенан Хасипи - отсутен
Тахир Хани - отсутен
Фијат Цаноски - за
Благородна Цветковска - отсутна
Арбен Џафери - отсутен

Оливер Шамбевски - за

Радмила Шеќеринска - отсутна

Васко Шутаров - против

**Бесим Догани:** Вкупно гласаа 61 пратеник, 38 гласаа за, 21 против, 2 воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 20, поднесен од пратениците Есад Рахиќ и Весна Јаневска.

Ве молам за тишина, за да може претставникот на Владата да се изјасни.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи, господинот Елмази.

**Рефет Елмази:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме

Процедурално за збор се јавува господинот Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Благодарам потпретседателе,

Јас се извинувам, но бидејќи беше голема галама и не се слушаше за кој амандман се расправа. Јас би ве замолил да се сослушаме затоа што сепак станува збор за амандмани за еден законски проект кој сепак е сериозен и навлегува во правата на граѓаните. Јас сакам да го образложам овој амандман, меѓутоа не слушнав за кој амандман се зборува.

Ве молам уште еднаш ако сакате да го повторите амандманот.

**Бесим Догани:** Господине Рахиќ јас го прочитав амандманот.

**Есад Рахиќ:** Јас не слушнав.

**Бесим Догани:** Јас цело време молам за тишина.

**Есад Рахиќ:** Јас се извинувам, но вие сте должни да обезбедите ред во салата.

**Бесим Догани:** Јас затоа барам да има мир, го прочитав текстот и тоа два пати, почекав да се пријави некој, никој не се пријави.

Еве ќе направиме исклучок, уште еднаш ќе ја повторам процедурата.

Отворам претрес по амандманот на член 20, поднесен од пратениците Есад Рахиќ и Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине заменик министре.

**Рефет Елмази:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахуќ:** Благодарам потпретседателе.

Уште еднаш да се извинам на колегите заради доцнењето. Сметам дека тоа не е некој суштински амандман, меѓутоа треба да се размисли, да го разгледа Владата и молам колегите од парламентарното мнозинство да размислат затоа што деновиве полуматурантите слават полу матура. Знаете дека слават во затворени објекти кои работат 24 часа. Практично има деца кои побараа и сакаат после 24,00 часот, било традиција во нивните училишта да останат уште час-два во школските дворови.

Лично сметам, како родител, а верувам дека повеќето од нас тука се исто така родители на олуматуранти, дека е многу покорисно истите тие, по посебна пригода и по пријава во МВР да им се дозволи да ја продолжат прославата во затворен објект каде ќе бидат под контрола на професорите и на оние овластени лица, отколку да одат по паркови и по училишни дворови, јас се согласувам со вас дека се премали, меѓутоа таков е трендот, такво е времето и подобро е да бидат внатре, да бидат контролирани за да нема, скраја да е, алкохол и било какви други аномалии. Од тој аспект сметам дека треба уште еднаш, ние како пратеници и како колеги да размислиме дека овој амандман има смисла. Затоа го молам парламентарното мнозинство да го поддржи амандманот.

**Бесим Догани:** Блаодарам господине Рахиќ.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Бидејќи за амандманот гласаа само 58 пратеници, ги повикувам службите да ни достават точен број на присутни пратеници.

Бидејќи во моментот на гласањето во салата имаше само 59 пратеници, гласањето не е важечко.

Пред повторно да го ставам на гласање амандманот, ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на повторно гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа вкупно 57 пратеници, за амандманот гласаа 15, 1 воздржан, против 41.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 25, поднесен од пратениците Весна Јаневска, Валентина Божиновска и Есад Рахиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за внатрешни раоти, господинот Елмази.

**Рефет Елмази:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 28, поднесен од пратениците Мери Младеновска Ѓорѓиевска и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот, повелете.

**Рефет Елмази:** Амандманот се прифаќа, но казната да остане иста.

**Бесим Догани:** Амандманот се прифаќа видоизменето.

Повелете, има збор Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Тоа е тоа за што јас зборував во моето првично излагање по однос на Законот за прекршоци против јавниот ред и мир, затоа што Владата не одвои доволно време за да направи добро подредување на прекршоците за кои ќе одлучува Комисија во Министерство за внатрешни работи и со оглед на тие факти јас се согласувам да остане казната иста и да се прифати оној дел од амандманот каде со амандманот што јас го поднесов со колешката Бендевска, вршиме менување на самата суштина на прекршокот.

Значи, се согласувам со тоа што го предложи заменик министерот.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Амандманот е прифатен во видоизменета форма.

Отворам претрес по амандманот на член 30, поднесен од пратениците Весна Јаневска, Валентина Божиновска и Есад Рахиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи, повелете.

**Рефет Елмази:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам потпретседателе, почитуван заменик министер, претпоставувам зошто не го прифативте овој амандман, од едноставна причина што, доколку се случи такво нешто потоа следат санкции и судски процеси.

Навистина имавме еден случај со Кметовска кој заврши како заврши во судската процедура, но мислам особено во периоди на нови години и разно разни веселби во Македонија, а мислам дека тоа е процесуирано со Законот за употреба на огнено оружје во кој период и како. Едноставно имав причина предложената санкција за сторениот прекршок да се зголеми од 200 до 500 евра од употреба на огнено оружје да биде само од 600 до 800 евра се со една единствена цел дека навистина луѓето кои по разно разни веселби, свадби, а македонската јавност е постојано разбранувана од огнено оружје, дека нема така лесно да ги употребуваат. Знам како е тоа санкционирано со тој закон, но сепак не би било лошо оваа глоба да биде повисока од 500 да биде на 800 евра. Во секој случај благодарам на колегие пратеници.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓа Божиновска.

Има збор господинот Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Благодарам потпретседателе,

Сакав само како поддршка на она што колешката Божиновска го зборуваше.

На Комисијата за безбедност и одбрана каде беше претставничката од Министерство за внатрешни работи која и сега е присутна, разговаравме иако знам дека она што го кажа колешката Божиновска дека можеби казната што надминува над 600 евра треба да се оди на суд, сметам дека како прекршок користење на неовластено оружје и предизвикување на општа опасност каде поединци го губат животот поради несовесно ракување и пукање со оружје не може да биде помалку казнето отколку по член 18 оној што се оддава на проституција, издава простории за вршење на проституција.

Сметам дека во Предлог законот има недоследности и недоречености и можеби за тоа кога разговаравме претходно сметавме дека овој закон треба да оди во две фази. Затоа апелирам до колегите пратеници да гласаат за овој амандман затоа што сметам дека премногу оружје и некоректно користење на истото оружје има во Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Рахиќ.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, за амандманот гласаа 58, за гласаа 11, воздржано гласаа 3 пратеника, против гласаа 44.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 30, поднесен од пратениците Мери Младеновска Ѓорѓиевска и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи, повелете.

**Рефет Елмази:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Епа, ќе се согласите почитувани колеги дека навистина Владата нема концепт. Ако за претходно амандмание за кои зборувавме членот 18 каде е наведена проституцијата во завршните одредби на крај е наведено дека нема да биде во постапка од страна на Комисијата, за нив нема да одлучува Комисијата при Министерство за внатрешни работи, туку судот и за тоа можат да бидат поголеми санкциите.

Не можам да сфатам дека е тоа поголема опасност од употребата на огнено оружје, употреба на биротехнички средства или сличен експлозив.

Значи, амандманите не ги прифаќа претставникот на Владата само затоа што во членот 35 се наведени прекршоците за кои одлучува Комисијата во Министерството за внатрешни работи, за овие прекршоци важат одредби во Законот за прекршоци, во кои рамки можат да се движат и можат да бидат помали.

Јас прашувам дали ова не се опасни дејствија?

Сега, кога Владата го нема тој концепт дека треба да бидат поголеми казните, а треба да бидат заради генералната превенција, значи да се спречи да се зголемува бројот на сторители на вакви кривични дела да влијае генерално врз сите, не само врз оние што се сторители, како што е специјална превенција насочена спрема конкретни сторители во иднина да не вршат кривични дела. Сега, нам не ни останува ништо друго, бидејќи амандманот не се прифаќа затоа што Владата во меѓувреме не сакаше да даде амандман со кој ќе направи измена на членот 35 и да се избрише дека за членот 30 одлучува Комисија во Министерство за внатрешни работи, туку одлучува судот, Владата треба да не увери дека навистина ќе преземе мерки, бидејќи судот нема да има никаква надлежност, Министерство за внатрешни работи за да може со казните што се пропишани во помал износ и тоа глоба од 200 до 500 евра, но се ефективна работа на терен дека овие казни ќе се спроведуваат и на тој начин граѓаните ќе бидат заштитени од неовластено пукање со огнено оружје, употреба на пиротехнички средства и слични експлозиви или лесно запалив материја.

Нема да ги набројувам примерите што сите ги гледаме, најмногу дознаваме преку медиумите, најчсто за време и по новогодишните празници, но најдобро можат да кажат колегите во салата што се доктори, ако во моментот се присутни, какви се последиците од употребата на вакви средства. Тоа во Министерство за внатрешни работи би морале да го знаат, мислам дека би требало да водат евиденција, колкав е бројот на настраданите од употреба на огнено оружје и на пиротехнички средства.Ние имаме обврска да се грижиме за граѓаните, посебно за младата популација, бидејќи младите, но најмногу децата, се жртва на употреба на вакви средства.

Токму за тоа ние поднесовме амандмани со цел да влијаеме повеќе на планот на генералната превенција за да ја зголемиме сигурноста кај граѓаните и безбедноста кај граѓаните. Но, еве, Владата има друг концепт и оставаме простор да видиме дали во пракса тоа ќе значи намалување на бројот на прекршоци кои се поврзани со употреба на огнено оружје, пиротехнички средства и сличен експлозив или лесно запалив материјал. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање, ве повкувам да гласаме.

За амандманот гласаа 57 пратеници, за гласаа 10, воздржани нема, против гласаа 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 61 пратеник, за гласаа 54, воздржано 7, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

**Минуваме на точката 5. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за надзор на државната граница, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за надзор на државната граница.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа вкупно 60 пратеника, сите 60 гласаа за, констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 58 пратеника, сите 58 гласаа за, констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, за Предлогот на законот гласаа 60 пратеника, сите 60 гласаа за.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за надзор на државната граница.

**Минуваме на точката 6. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили и членовите на нивните семејства, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Сосема накратко сакам во однос на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законто за посебните права на припадниците на безбедносните сили и членовите на нивните семејства да истакнам дека пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи овој закон иако, како и неколку други закони во овој сет кои се ставени само како усогласување на законите со Законот за прекшоци, има и други одредби, меѓутоа, со овој закон се воспоставуваат нови права или се зголемуваат правата на припадниците на безбедносните сили и членовите на нивните семејства, сметаме од тие причини заслужува поддршка во ваква скратена постапка пред Собранието на Република Македонија.

Како што истакнавме на Законодавно-правната комисија и сега сакам да упатиме еден апел и до Министерство за внатрешни работи за да се размисли околу решавањето на статусот и правата на припадниците на безбедносните сили и членовите на нивните семејства од времето на 90-тите години кои учествуваа во воените дејствија во поранешна Југославија на кои до сега не им е решен нивниот статус ниту се обезбедени со одредени права. Мислам дека и тука ќе мора Владата да поработи малку повеќе заради тоа што се соочуваме со поголем број на здруженија на граѓани кои ги застапуваат правата на овие лица кои учествувале во воениот конфликт во Југославија, така што исто како и членовите на нивните семејства и припадниците на безбедносните сили да се донесе еден закон во најскоро време со кој ќе се гарантираат, регулираат и остварат правата на безбедносните сили.

Уште еднаш повторувам дека овој закон кој гарантира зголемување на правата на припадниците на безбедносните сили и нивните семејства заслужува поддршка и ќе ја има од СДСМ во скратена фаза односно постапка да го донесеме овој закон. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за посебните права на припадниците на безедносните сили и членовите на нивните семејства.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Во моментот на гласање во салата беа присутни 60 пратеници, гласањето не е валидно.

Ги повикувам колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат повторно ќе пристапиме кон гласањето.

Ги молам колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат.

Ги молам пратениците да седнат на своите места, а службите да го утврдат точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Ве молам колеги седнете на вашите места да можеме да се изброиме.

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата ќе пристапиме кон гласање.

Ве молам колеги, седнете на вашите места.

Службите уште еднаш да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата во моментот се присутни 61 пратеник.

Ве повикувам повторно да гласаме.

Во салата се пристуни 61 пратеник, вкупно гласале 57, од кои 56 гласале за, нема воздржани, 1 гласал против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници, сите 58 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не  е пријавен за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 61 присутен пратеник, вкупно гласале 56, од кои сите 56 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили и членови на нивните семејства.

**Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од експлозивни материи, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поелени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му го предлагам следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од експлозивни материи.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник, сите 60 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикува да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник во салата, вкупно гласале 60, сите 60 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по тексот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник во салата, вкупно гласале 60, сите 60 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од експлозивни материи.

**Минуваме на точка 8 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за промет на експлозивни матирии, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за промет на експлозивни материи.

Пред да преминеме на гласање, ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи ќе гласаме.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници, сите 60 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60, сите 60 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидјеќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Има 61 пратеник во салата, вкупно гласале 58, сите 58 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за промет на експлозивни матирии.

**Минуваме на точка 9 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалишта и престојувалишта на граѓаните, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојалиштето на граѓаните.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник во салата, гласале 57, сите 57 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикува да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник во салата, сите 61 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник во салата, вкупно гласале 59, сите 59 гласале за, нема воздржано, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојалиштетот на граѓаните.

**Минуваме на точката 10 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за движење и престој на странци, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за движење и престој на странците.

Пред да ве повикам да гласаме ги замолувам пратениците кои излегоа од салата да влезат, ќе пристапиме кон гласањето.

Ги молам колегите пратеници да седнат на своите места, ќе пристапиме кон гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник во салата, гласале 60, сите 60 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикува да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници, 59 гласале за, нема воздржани, 1 гласал против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник во салата, вкупно гласале 59, 58 гласале за, нема воздржано, 1 гласал против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за движење и престој на странци.

Почитувани колеги, овде ја прекинувам денешната седница.

Продолжуваме во понеделник во 11,00 часот со истата седница, 44-та, а по неа продложуваме со 42-та седница.

Имајте убав викенд.

(Седницата прекина со работа во 17.00 часот)